# Рамка за способност за работна сила на NDIS: Упатство за опции за кариера

## NDIS Workforce Capability Framework: Career Options Guide
## Macedonian | Македонски

Рамката за способност на работната сила на NDIS (NDIS Workforce Capability Framework) (Рамката) ги опишува однесувањето, вештините и знаењата што се очекуваат од сите работници финансирани во рамките на NDIS. Обезбедува јасни, практични примери и воспоставува заеднички јазик за „како треба да изгледа доброто“ за учесниците кои добиваат услуги и поддршка од NDIS. Ова упатство ја поддржува Рамката за способност на работна сила.

Упатство за опции за кариера може да им помогне на работниците да ги истражат можностите за работа и кариера во секторите за попреченост и сродните области. Тој може да им помогне на луѓето кои се заинтересирани за секторот да разберат како можат да ги користат и развијат вештините, способностите и интересите за кариера во поддршката за попреченост.

*Постојат многу начини да ја проширите или унапредите вашата кариера за поддршка. Разбирање за тоа кои се опциите и што ќе се очекува од вас е клучно за донесувањето на важни одлуки.*

## Што да се очекува

Упатството истражува четири различни патишта до можности за работа:

- **најдете** повеќе различност во видовите на работа за поддршка
- **фокусирајте се** на специфичен вид на поддршка за да се специјализирате
- **поддржувајте** инклузивност и пристапност
- **преминете** во улога надзорник или други улоги во првите редови.

Во Упатството се даваат предлози и работи што треба да ги земете предвид за да ви помогнат да одлучите дали ова е насоката што сакате да ја преземете. Улогите се опишани, а обезбедени се ресурси и совети за преземање на следниот чекор. Упатството дава општи совети и треба да ги земете предвид вашите лични околности и фактори пред да одлучите за вашиот следен чекор во кариерата.

Во секое време може да се вратите и да изберете други опции. Исто така може да преземете и отпечатите копија на упатството, за да го користите „офлајн“.

## Упатство во пракса:

Bill е работник за поддршка кој врши различни општи улоги за поддршка. Тој сака да работи со лица со попреченост. Сака да направи кариера во секторот и да дознае повеќе за опциите како што се специјализирање за работа со одреден вид на поддршка или да се префрли во раководна улога во првата линија. Тој не е сигурен како неговите силни страни се усогласуваат со опциите и чекорите што треба да ги преземе за да напредува во кариерата.

Bill го користи **Упатството за опции за кариера** за да разбере кои способности ќе бидат потребни и да добие неколку совети за тоа што да прави понатаму за да тргне по различни опции за кариера. Тој одлучува да го продолжи својот интерес за работа со лица со психосоцијална попреченост и ги користи информациите во упатството за да ги планира неговите следни чекори.

Bill ја користи и **Рамката за способност на работна сила** за да му помогне да ги разбере дополнителните способности што се очекуваат за поддршка на лицата со психосоцијална попреченост.

## Пристап до упатството и негово користење

Упатството за опции за кариера најдобро се користи на интернет, меѓутоа, можете да преземете верзија што може да се користи „офлајн“ и која обезбедува слични информации.

**Дојдете до упатството:** Упатство за опции за кариера | Способност за работна сила на NDIS (ndiscommission.gov.au)

За повеќе информации за Рамката или за нејзината примена, посетете ја веб-страницата**:** https://workforcecapability.ndiscommission.gov.au/.

**Контакт:** workforcecapability@ndiscommission.gov.au или 1800 035 554.